# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 05 25.06.2024, вторник

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев" Валандово................................................ 2
**2.Одлука** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев" Валандово........... 2
**3.Решение** за објавување на Одлука за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2024/2025 година....................... 2
**4. Одлука** за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2024/2025 година....................... 2
**5.Решение** за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за измирување на долг за испорачена електрична енергија на ЈП „Комунален сервис" Валандово.......................................................... 3
**6.Одлука** за давање согласност и овластување за измирување на долг за испорачена електрична енергија на ЈП „Комунален сервис" Валандово.............................. 3
**7.Решение** за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година................................................ 4
**8.Одлука** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година............................................................................. 4
**9.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности…………………. 4
**10.Одлука** за одобрување финансиски средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности........................................................................ 4
**11.Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово........................................................ 6
**12.Заклучок** за усвојување на Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово....................................................................... 6
**13.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2025 година................. 6
**14.Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2025 година...................................................................... 6
**15.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за 2025 година………………………………………………………. 6
**16.Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за 2025 година............................................... 7
**17.Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2025 година....................... 7
**18.Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2025 година........... ………………………………………………. 7
**19. Решение** за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2024 година………………………………….. 7
**20.Програма** за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2024 година.......................................................................... 7
**21. Решение** за објавување на Програма за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2024 година................................ 8

**22.Програма** за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2024 година................................................ 8

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев” Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев” Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година.

Бр.09-682/3 Градоначалник
25.06.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 44 став 3 и 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и член 36 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово а имајќи ја во предвид Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово од Владата на Република Северна Македонија бр.41-1446/17 од 21.05.2024 година, Советот на Општина Валандово на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ „Гоце Делчев” Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Валандово прима на трајно користење без надомест движни ствари од Владата на Република Северна Македонија, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово од Владата на Република Северна Македонија а за потребите на СОУ „Гоце Делчев” Валандово бр.41-1446/17 од 21.05.2024 година и тоа:

| Реден бр. | Назив на движна ствар | Опис на движна ствар | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Постер | Слоеви на почва | 1 |
| 2. | Постер | Структура на лист | 1 |
| 3. | Тест кит за определување алкалност | За титриметриско определување на алкалност | 1 |
| 4. | Тест кит за определување нитрати | За колориметриско определување на нитрати | 1 |
| 5. | Тест кит за определување кислород | За титриметриско определување на кислород | 1 |

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука, Општина Валандово ги дава на трајно користење без надомест на СОУ „Гоце Делчев” Валандово.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да склучи Договор за престанок и за давање на трајно користење на движните ствари од член 1 на оваа Одлука со Министерот за животна средина и просторно планирање со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-67/3 Совет на Општина Валандово
24.06.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово во учебната 2024/2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово во учебната 2024/2025 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година.

Бр.09-682/7 Градоначалник
25.06.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и 8, член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 11, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Опшина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и четвртата

редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2024/2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат правото и условите на субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2024/2025 година, од Буџетот на Општина Валандово, во нето износ од 10.000,00 денари, по ученик.

**Член 2**

Правото на субвенција за семејствата кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово имаат родителите/старателите на сите ученици запишани за прв пат во општинското средно училиште во учебната 2024/2025 година.

**Член 3**

За остварување на правото на субвенционирање на семејствата кои имаат ученик запишан во прва година, се поднесува Барање до Општина Валандово, во период од 01.06.2024 година до 30.09.2024 година.

Со Барањето за остварување на правото на субвенција на семејствата кои имаат ученик запишан во прва година се приложуваат следните документи:

- Потврда за запишан ученик во прва година за прв пат во учебната 2024/2025 година издадена и заверена од Средното општинско училиште „Гоце Делчев" Валандово;
- Фотокопија од важечки лични карти или патни исправи од родителите/старателите на ученикот;
- Извод од матична книга на родените за ученикот;
- Фотокопија од трансакциска сметка на еден од родителите/старателите.

**Член 4**

За основаност на Барањето поднесено од страна на родителот/старателот одлучува Комисија составена од 3 до 5 члена, која ја формира Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 5**

Одлуката за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово, врз основа на приложената документација ја спроведува Градоначалникот на Општина Валандово со поединечен управен акт - Решение.

**Член 6**

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Валандово од:

- Програма АО – Совет на општина Валандово, потставка 464990 - други трансфери.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-67/7 | Совет на Општина Валандово |
| 24.06.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за измирување на долг за испорачена електрична енергија на ЈП „Комунален сервис" Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност и овластување за измирување на долг за испорачена електрична енергија на ЈП „Комунален сервис" Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-682/8 | Градоначалник |
| 25.06.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 15 став 1 точка 4 и член 16 став 1, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Опшина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за подмирување на долг за испорачена електрична енергија на ЈП „Комунален сервис" Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Валандово, за подмирување на долг за испорачена електрична енергија и други поврзани трошоци за период од 20-12-2019 до 05/2024 кој долг кон Доверителот ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје го има Должникот ЈП „Комунален сервис" Валандово.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да изврши подмирување на долгот со средства од буџетската сметка на Општина Валандово, во износ од 15.981.367 денари на 24 месечни рати.

За подетално регулирање на правата и обврските и начинот на исплата на долгот се овластува Градоначалникот на Општина Валандово со В.Д.Директорот на ЈП„Комунален сервис" Валандово и ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје да склучат посебна спогодба за регулирање заемни права и обврски.

**Член 3**

По склучување на спогодбата и навремените исплати на доспеаните обврски ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, да се обврзе дека нема да пристапи кон исклучување на електричната енергија за водоснабдување на

населението во Општина Валандово во наредните две години од денот на склучување на спогодбата.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-67/8 Совет на Општина Валандово
24.06.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година.

Бр.09-682/9 Градоначалник
25.06.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите ("Службен весник на РМ" бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2024 година на следниот начин:

Потпрограма и назив на потпрограмата

| Потставка и опис на потставката | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ф10 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | |
| 425640- Изработка на просторни и урбанистички планови | -442.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЈА0 ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 482820 Изградба на капацитети во енергетика | -120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЈГ0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | | | | | |
| 482710 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети за водоснабдување | -412.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЊО0 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| 427110 Привремени вработувања | -300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **АО0 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 464990 Други трансфери | 1.274.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 0 | -60.000 | 0 | 0 | 0 |
| **НА0 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (капитални расходи)** | | | | | |
| 480160 Купување на опрема за греење и климатизација | 0 | 60.000 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината" и станува дел на Буџетот на Општина Валандово за 2024 година.

Бр.08-67/9 Совет на Општина Валандово
24.06.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување финансиски средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година.

Бр.09-682/10 Градоначалник
25.06.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и четвртата редовна седница одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

## О Д Л У К А

### за одобрување финансиски средства на Здруженија на граѓани за реализација на програмски активности

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат финансиски средства за реализација на програмски активности, на следните Здруженија на граѓани:

- 30.000,00 денари на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово со ЕДБ 4003996100611.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463190 - – останати трансфери до невладини организации, на сметка на корисникот бр. 200000001356537 депонент Стопанска Банка АД Скопје;

- 90.000,00 денари на Здружение на граѓани за музичка наобразба „Полифонија стрингс" со ЕДБ 4003023504832.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463110 –трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка на корисникот бр. 210077188370195 депонент НЛБ Банка АД Скопје;

- 90.000,00 денари на Здружение за развој на културата, спортот, уметноста и заштитата на животната средина „Валандовска бојмија" со ЕДБ 404302353268.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка на корисникот бр. 200004075261477 депонент Стопанска Банка АД Скопје;

- 200.000,00 денари на организаторот на Меѓународниот фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ" – Чалакли, Валандово со ЕДБ 4003994102226, за покривање на трошоците на 31-от меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ" – Чалакли, Валандово.

Средствата да се исплатат од програма К4-Културни манифестации и творештво, подставка 464990 –други трансфери, на сметка бр.200000020568454 на име на организаторот на манифестацијата.

- 90.000,00 денари на ФК „Победа" Валандово со ЕДБ 4003002103544, за реализација на програмски активности.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463120–трансфери до спортски клубови, на сметка на Фудбалски клуб „Победа" Валандово број 200001634535837 депонент Стопанска банка АД Скопје;

- 90.000,00 денари на ФК „Ударник" Пирава, Валандово, со ЕДБ 4003975102188, за реализација на програмски активности.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463120–трансфери до спортски клубови, на сметка на Фудбалски клуб „Ударник " Пирава, Валандово број 200002525943624 депонент Стопанска банка АД Скопје;

- 90.000,00 денари на ЖФК „Победа 16" Валандово со ЕДБ 4003016502972, за реализација на програмски активности.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463120–трансфери до спортски клубови, на сметка на ЖФК „Победа 16" Валандово број 210071349240146 депонент НЛБ Банка АД Скопје и

- 50.000,00 денари на Училишен спортски клуб „Валандово" со ЕДБ4003011501587, за реализација на програмски активности.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463120–трансфери до спортски клубови, на сметка на УСК „Валандово" број 240220002219572 депонент УНИ Банка АД Скопје;

- 90.000,00 денари на КФМ „ПРОЕКТ " со ЕДБ 4006007122317, за реализација на програмски активности.

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463120–трансфери до спортски клубови, на сметка на КФМ „Проект" Јосифово број 210062187090111 депонент НЛБ Банка АД Скопје;

- 90.000,00 денари на КУД „Гоце Делчев" Валандово со ЕДБ 4003986102284, за реализација на програмски активности;

Средствата да се исплатат од програма К4-Културни манифестации и творештво, подставка 464990 –други трансфери, на сметка бр.200000003002627 депонент Стопанска банка АД Скопје;

- 60.000,00 денари на КУД „Младост" Валандово со ЕДБ 4003991100591, за реализација на програмски активности;

Средствата да се исплатат од програма К4-Културни манифестации и творештво, подставка 464990 –други трансфери, на сметка бр. 200000004651336, депонент Стопанска банка АД Скопје;

- 70.000,00 денари на Здружение вокална група „РАСПЕАНИ ВАЛАНДОВЧАНИ" Валандово со ЕДБ 4003009500859, за реализација на програмски активности.

Средствата да се исплатат од програма К4-Културни манифестации и творештво, подставка 464990 –други трансфери, на сметка на здружението.

**Член 2**

Корисниците од член 1 на оваа Одлука се должни, одобрените средства наменски да ги употребат и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација, да доставаат финснсиски извештаи, со фотокопија од документацијата за намената за која ги имат искористено.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово" а исплатата за истите ќе се изврши по стапување вон сила на Изборниот законик на Република Северна Македонија.

Бр.08-67/10 Совет на Општина Валандово
24.06.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучокот за усвојување на Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна помош на граѓаните во Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година.

Бр.09-682/2 Градоначалник
25.06.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на на Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-67/2 Совет на Општина Валандово
24.06.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година.

Бр.09-682/4 Градоначалник
25.06.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и четвртата редовна седница одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2025 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2025 година, бр.0102-122/2 од 11.04.2024 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-67/4 Совет на Општина Валандово
24.06.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година.

Бр.09-682/5 Градоначалник
25.06.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и четвртата редовна седница одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Страшо Пинџур" Јосифово за 2025 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Страшо Пинџур" Јосифово за 2025 година, бр.0102-131/1 од 10.05.2024 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-67/5 Совет на Општина Валандово
24.06.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година.

Бр.09-682/6 Градоначалник
25.06.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и четвртата редовна седница одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Средното општинско училиште „Гоце Делчев "Валандово за 2025 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Средното општинско училиште „Гоце Делчев "Валандово за 2025 година, бр.0102-169/1 од 14.05.2024 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-67/6 Совет на Општина Валандово
24.06.2024 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година.

Бр.09-682/11 Градоначалник
25.06.2024 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 40 став 1 во врска со член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр. 32/20"), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002"), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово и точка Г од Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2024 година („Сл.гласник на Општина Валандово бр.12/23), Советот на Општина Валандово на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2024 година**

**Член 1**

Во Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2024 година, по точка Г се додаваат нови подточки Г1 и Г2, кои гласат:

„Г1: Се започнува постапка за донесување на Измена и дополна на одобрена планска документација "УПВНМ за Стопански комплекс Еуро Хормонес ДОО – измена и дополнување во атар на КО Раброво, општина Валандово" согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" 32/2020), поднесена од ЧАКАР – ПАРТНЕРС ДОО Скопје."

„Г2: Се започнува постапка за донесување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Изработка на инфраструктурен проект за изградба на канализационен систем во населено место Чалакли, согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" 32/2020)."

**Член 2**

Финансирањето на изработката на Измена и дополна на одобрена планска документација "УПВНМ со сите потребни пропратни елаборати и дозволи паѓаат на товар на подносителот на иницијативата за изработка на Измена и дополна на одобрена планска документација "УПВНМ ".

Финансирањето на изработката на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за Изработка на инфраструктурен проект за изградба на канализационен систем во населено место Чалакли ќе се врши од финансиските средства обезбедени од Министерството за животна средина и просторно планирање, Договор за доделување на средства со број 09-257/2 од 08.04.2024 година.

**Член 3**

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-67/11 | Совет на Општина Валандово |
| 24.06.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2024 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-682/12 | Градоначалник |
| 25.06.2024 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 14 и член 45 од Статутот на Општина Валандово а имајќи ја во предвид Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и декални канализации во Општина Валандово во 2024 година бр.08-143/11 од 28.12.2024 година, Советот на Општина Валандово, на триесет и четвртата редовна седница, одржана на ден 24.06.2024 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**

**за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2024 година**

**Член 1**

Во Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово за 2024 година, бр.08-143/11 од 28.12.2024 година во делот Канализација се додава текстот:

„Согласно Договорот склучен помеѓу Министерстовото за животна средина и просторно планирање и Општина Валандово за доделување на финансиски средства во износ од 3.500.000 денари ќе се реализира проектот „Изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем во населено место Чалакли."

**Член 2**

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-67/12 | Совет на Општина Валандово |
| 24.06.2024 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |